Врз основа на член 17 и член 23 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Службен весник на РМ, бр. 52/2010 и бр.135/2011), Собранието на Центар за правни истражувања и анализи, на седницата одржана на 01.04.2012 година, донесе

**СТАТУТ**
**на**
**Здружението за правни истражувања и анализи**
**ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ - Скопје**

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**Член 1**

Здружението за правни истражувања и анализи ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ Скопје (во понатамошниот текст на овој Статут-ЦПИА) е стручна невладина организација, формирана со слободно здружување на граѓаните за унапредување на правниот систем, во Република Македонија.

**Член 2**

Називот на здружението е Здружение за правни истражувања и анализи ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ Скопје.

Здружението ќе користи и скратен назив ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ Скопје.

Седиштето на здружението е во Скопје на ул.Јордан Хаџиконстантинов Џинот бр.3, 1000 Скопје.

ЦПИА како здружение на граѓани своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со Уставот на Република Македониија, законите,и овој Статут.
Во рамките на ЦПИА се забранува политичко и верско организирање.
Ниту еден член на здружението не смее да го користи своето членство како начин за реализација на политички интереси.

**Член 3**

ЦПИА има свој печат и штембил.
Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението. Центар за правни истражувања и анализи - Скопје, а во средината се наоѓа амблемот кратеницата ЦПИА.
Штембилот е правоаголен и на него е испишан следниот текст:

**Центар за правни истражувања и анализи- Скопје,**
**Број______**
**______/___година**
**Скопје**

**Член 4**

ЦПИА со посебна одлука на Собранието може да развива различни облици на соработка со други организации од земјата и странство, кои имаат сродни програмски цели и да членува во нив.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЦПИ

**Член 5**

ЦПИА ги има следниве цели и задачи:

- унапредување на правниот систем во Република Македонија преку истражување и анализирање на состојбите и претставување на алтернативни решенија и предлози за надминување на проблемите и недостатоците;
- активно учество во реформите во сите сегменти на општествено-политичкиот и правниот систем на Република Македонија;
- остварување соработка со сите релевантни институции во Република Македонија и странство
- обезбедување на стручни услуги и продукти;
- и врши други работи.

За остварување на целите и задачите ЦПИА ќе работи по детална програма на активности која ја изготвува Извршниот одбор, а ја усвојува Собранието на почетокот на секоја година.

## ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЦПИА

**Член 6**

Член на ЦПИА може да биде секое лице кое ги исполнува условите утврдени од страна на ЦПИА.

Лице кое сака да стане член на ЦПИА треба да ги исполнува следниве услови: да е полнолетно; да биде истакнат професионалец во областа во која работи; и да ги прифати Статутот и програмата на ЦПИА.

Почесни членови избира Собранието со акламација, а по предлог на Извршниот одбор.

Член на ЦПИА се станува во постапка предвидена со овој Статут.
ЦПИА за своите членови води регистар на членството, за кој е задолжена стручната служба на здружението, кој постојано се ажурира.

**Член 7**

Секој член ги има следниве права, должности и одговорности:

- активно да учествува во остварувањето на целите, задачите и програмата на ЦПИА, како и активностите кои од истите произлегуваат;

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

- да учествува во утврдувањето и спроведувањето на активностите на сите нивоа на организирање преку иницирање, подготовка и реализација на проекти во насока на целите, задачите и програмата на ЦПИА од страна на органите и телата на ЦПИА ;
- да бира и да биде биран во органите на ЦПИА ;
- редовно да биде информиран за активностите на ЦПИА;
- за своето дејствување одговара пред соодветните органи и тела на ЦПИА;
- редовно да плаќа членарина;
- остварува и други права, должности и одговорности што произлегуваат од овој Статут.
- членот на ЦПИА не може да дејствува од личен интерес, а спротивно на целите, интересите и задачите на ЦПИА.

## ПОСТАПКА ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ

**Член 8**

Барање за членство во ЦПИА може да поднесе секое лице доколку ги исполнува условите од член 6.

Барањето се поднесува до Извршниот одбор на ЦПИА.

**Член 9**

Извршниот одбор на првиот нареден состанок одлучува по поднесеното барање со консензус.

**Член 10**

Од моментот на одлуката на Извршниот одбор со која кандидатот се стекнува со правото да стане член на ЦПИА, кандидатот ги стекнува сите права, должности и одговорности на член на ЦПИА.

## ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВОТО

**Член 11**

Членството во ЦПИА престанува по следниве основи:
- ако членот достави писмена изјава со која истапува од ЦПИА;
- ако членот ги прекрши одредбите на Статутот на ЦПИА;
- членот неоправдано не присуствувал на повеќе од половината редовни и вонредни состаноци на Собранието на ЦПИА во текот на календарската година;
- со смрт.

За настапувањето на основите за престанок на членство констатира и одлучува Извршниот одбор со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Одлуката за престанок стапува на сила веднаш по донесувањето на истата а се констатира од Собранието на ЦПИА на првиот нареден состанок.

## ОРГАНИ НА ЦПИА

### Член 12

Органи на ЦПИА се:

- Собрание;
- Извршен одбор;

## СОБРАНИЕ

### Член 13

Собранието е највисок орган на ЦПИА.
Собранието го сочинуваат сите членови на ЦПИА.
Собранието ги има следниве права, должности и одговорности:

- ги донесува Статутот и програмата и други акти на ЦПИА и врши нивни измени и дополнувања;
- избира и разрешува членови на Извршниот одбор;
- усвојува годишна програма на активности;
- ги усвојува завршната сметка и финансискиот план на ЦПИА;
- го усвојува Годишниот извештај за работа изготвен од Извршниот одбор;
- одлучува за здружување или раздружување од друго здружение на граѓани и за зачленување во сојузи и меѓународни и регионални организации;
- констатира престанок на членувањето по одлука на Извршниот одбор;
- одлучува за избор на почесни членови;
- одлучува за престанок на работата на ЦПИА со 2/3 мнозинство од сите членови;
- одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на другите органи и тела на ЦПИА.

### Член 14

Собранието одржува редовни седници по потреба, а најмалку еднаш во годината.
Времето и местото на одржување на седниците го утврдува Извршниот одбор со одлука.
Собранието го свикува Извршниот одбор на ЦПИА и тоа:

- согласно став 1 од овој член;
- и по барање на најмалку 1/4 од членовите на Собранието, поднесено до Извршниот одбор на ЦПИА.

### Член 15

Собранието го отвора и со него раководи Претседавач.
Претседавачот се избира со просто мнозинство со мандат од 1 година.

Во случај на спреченост на Претседавачот, Собранието избира нов Претседавач.
Собранието се свикува со покана до сите членови испратена по електронски или писмен пат или со објавување на веб страната на ЦПИА најдоцна 14 дена пред одржување на Собранието.
Во поканата е содржан дневниот ред за работата на седницата, а доколку е потребно, во прилог на поканата се доставуваат и сите предложени документи, сумирани во предлог верзии.

**Член 16**

Собранието работи доколку присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број на членови на ЦПИА..
Собранието своите одлуки ги донесува со 2/3 мнозинство гласови од присутните членови на седницата, освен доколку со овој Статут за определени прашања не е поинаку утврдено.
Гласањето може да биде и тајно доколку за тоа претходно се донесе посебна одлука.

**Член 17**

Од седницата на Собранието се води Записник, што се усвојува на првата наредна седница на Собранието.
Записникот го водат стручната службана ЦПИА или записничар кој го назначува Претседавачот на Собранието.
Записникот го потпишува Претседавачот.

## ИЗВРШЕН ОДБОР

**Член 18**

Извршниот одбор брои од 5 до 7 членови.
Извршниот одбор избира претседател од своите редови со мандат од 2 години со право на последователен избор. Претседателот се избира со 2/3 мнозинство од членовите на Извршниот одбор.

**Член 19**

Извршниот одбор одржува седници по потреба, а најмалку еднаш месечно.
Седниците на Извршниот одбор ги свикува Претседателот или 1/3 од членовите на Извршниот одбор.
Во сяучај на спреченост или отсутност на Претседателот, со седниците ќе раководи член на Извршниот одбор, определен од страна на Претседателот.

**Член 20**

Извршниот одбор може полноважно да работи и одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половина од вкупниот број негови членови, а своите одлуки ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

Секој член на ЦПИА има право да побара да присуствува на седницата на Извршниот одбор, а за неговото учество одлучува Извршниот одбор.

**Член 21**

Извршниот одбор ги има следниве права, должности и одговорности:

- ги подготвува седниците на Собранието;
- ги изготвува предлог Статут и другите акти на ЦПИА што треба да ги донесе Собранието и предлага нивни измени и дополнувања;
- донесува Правилник и други акти кои се однесуваат на неговата работа, во согласност со Статутот;
- ги организира изборите на органите на ЦПИА;
- одлучува за прием на нови членови;
- ја спроведува политиката, одлуките и заклучоците донесени од Собранието;
- се грижи за наменско користење и располагање со средствата и приходите;
- одговара за управувањето со имотот на здружението;
- на првата работна седница по изборното собрание со одлука назначува потписници на сметката на ЦПИА;
- основа стручна служба и усвојува систематизација на стручната служба на ЦПИА;
- го изготвува Годишниот извештај за работа на ЦПИА;
- изготвува консолидиран финансиски извештај на ЦПИА;
- по барање на Собранието на ЦПИА изготвува извештаи за активностите;
- назначува координатори на активностите на ЦПИА.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор е четири години со право на повторен избор.

## ИЗБОРИ ВО ЦПИА

**Член 22**

Изборите за органи, нивни членови и функционери на ЦПИА се вршат на седница на Собранието.
За член на Извршниот одбор може да биде предложен секој член на ЦПИ, по предлог на член на ЦПИ.
Предлозите за избор на член на Извршниот одбор се поднесуваат до Извршниот одбор најдоцна 14 дена пред одржувањето на Собранието.
Извршниот одбор ги поднесува кандидатурите за член на ИО до Претседавачот кој претседава со Собранието, кој ги става на гласање.
Изборите за сите функции се вршат јавно, освен ако Собранието не одлучи поинаку по барање на 1/3 од присутните членови.
За процедурата на тајно гласање се формира комисија од три члена од членовите на Собранието по предлог на Претседавачот на Собранието, а за чие назначување одлучува Собранието.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

За избрани функционери на ЦПИА се сметаат кандидатите за кои се изјасниле најмалку 2/3 од присутните членови на Собранието.
За резултатите од изборите се составува Записник кој го потпишуваат Претседавачот со седницата и членовите на комисијата, доколку гласањето било тајно.

## СТРУЧНИ СЛУЖБИ НА ЦПИА СКОПЈЕ

**Член 23**

Извршниот одбор основа Стручна служба за реализација на целите и задачите на ЦПИ.
Извршниот одбор усвојува систематизација на стручните служби на ЦПИА и назначува координатори за активностите на ЦПИА .

## ТАКСИ И ЧЛЕНАРИНА

**Член 24**

Секој член е должен да уплаќа годишна членарина утврдена со одлука на Извршниот одбор на ЦПИА на сметката на здружението.

## ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЦПИА

**Член 25**

ЦПИА е претставувано и застапувано од Претседателот на Извршниот одбор.
Во случај на нивна спреченост или отсуство, ЦПИ е претставувано од еден од членовите на Извршниот одбор, за кој одлучуваат самите.

**Член 26**

Претседателот на Извршниот одбор го претставуваат и застапуваат ЦПИА пред:

- субјектите кои се непосредно заинтересирани за успешно остварување на целите и задачите на на ЦПИА ;
- субјектите кои соработуваат со ЦПИА и нивните официјални делегации и органи.

При претставување и застапување на ЦПИА, Претседателот на Извршниот одбор нема право да отстапи од целите ,интересите и задачите на ЦПИА , програмските ориентации и насоки утврдени од Собранието на ЦПИА и овој Статут.

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТ НА РАБОТАТА НА ЦПИА

**Член 27**

Работењето на ЦПИА е јавно и се обезбедува преку

- достапност на извештаите и другите материјали од работата на ЦПИА до членовите на ЦПИА , другите заинтересирани лица и нивно доставување до јавноста преку средствата за јавно информирање;
- издавање билтени, весници, информатор, веб сајтови и други публикации;
- организирање на конференции за средствата за информирање;
- издавање соопштенија за јавноста;
- непосредно настапување на овластените преставници на ЦПИА пред средствата за јавно информирање;
- други начини кои овозможуваат навремено и вистинито известување на јавноста за работата на ЦПИА.

## ПРЕСТАНУВАЊЕ СО РАБОТА НА ЦПИА

### Член 28

ЦПИ може да престане со работа поради:
- неактивност и неисполнување на програмските и статутарните одредби, а по одлука на Собранието донесена со 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови на Собранието на ЦПИ ;
- ако настапат други причини утврдени со Закон.

## ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЦПИА

### Член 29

ЦПИА стекнува средства и приходи од членарина, прилози, донации и подароци, грантови, проекти и од други активности и со нив располага во согласност со овој Статут и Законот.
Средствата и приходите се состојат од ствари, парични средства и материјални права.

### Член 30

Секој член има право да бара да изврши увид во користењето на средствата и приходите на ЦПИА.
Барањето се доставува во писмена форма до Извршниот одбор, кој ги подготвува финансиските документи во кои се бара увид и го повикува барателот во рок од 14 дена да го изврши увидот.

### Член 31

По престанок на работата на ЦПИА, имотот и другите права и приходите што остануваат по намирување на обврските се пренесуваат по одлука на Собранието.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 32**

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на ЦПИА.

**Член 33**

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и за негово донесување.

**Член 34**

Овој Статут влегува во сила на денот на донесувањето.

Скопје, 01.04.2012 година

Претседател,